**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**
членка на NBG групацијата

| Датум на пополнување: | |
|---|---|

| ФИЛИЈАЛА | | ИД бр. на клиентот | | ЗАБЕЛЕШКА: | |
|---|---|---|---|---|---|

(пополнува овластен работник на СБ)

# АПЛИКАЦИЈА

## за идентификација/ажурирање клиент - правно лице

○ РЕЗИДЕНТ ○ НЕРЕЗИДЕНТ

| ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА КЛИЕНТОТ | Целосен назив | Краток назив |
|---|---|---|

| Даночен број (ЕДБ) | Матичен број (ЕМБС) | Држава под чиј што закон е регистриран клиентот |
|---|---|---|

| РЕЗИДЕНТ: | Адреса во Република Северна Македонија | Град | Држава | Телефон во Република Северна Македонија | Е- адреса |
|---|---|---|---|---|---|
| НЕРЕЗИДЕНТ: | Адреса во матичната земја | Град | Држава | Телефон во матичната земја | Е- адреса |

| Број на акт од соодветен регистар на упис каде што е регистрирано правното лице (ако постои таков регистар во државата каде што е регистрирано правното лице) во отсуство на таков број, датум на издавање на актот | Датум на упис во регистар (датум на основање на друштвото) |
|---|---|

| Решение од посебен регистар, институција за издавање дозволи за вршење одредени работи или лиценца (менувачки работи, лизинг, игри на среќа, осигурување, брз трансфер на пари) (доколку за дејноста на правното лице е потребна посебна дозвола/лиценца согласно важечката законска регулатива) | ○ да (пополни под I и под II подолу)<br>○ не (продолжи од III) |
|---|---|

| I. Издавач на документот/назив на институција | II. Датум на издавање на решението/дозволата |
|---|---|
| III. Претежна дејност | IV. Шифра на дејност |

Дејност

○ јавна управа (администрација) ○ образование ○ земјоделство ○ здравство ○ индустрија и градежништво ○ трговија ○ сметководство, информатика и телекомуникации

○ сообраќај ○ спорт, уметност и култура ○ извршители ○ адвокати ○ нотари ○ туризам и угостителство ○ финансиско посредништво и банки ○ канабис ○ политички партии

○ економско-правни консултации ○ меѓународни организации ○ самостоен вршител на дејност ○ невладини организации ○ казина, спортски обложувалници и игри на среќа

○ друго

ФОРМА НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ:
○ Д.О.О.Е.Л. ○ Д.О.О. ○ А.Д. ○ Јавно претпријатие ○ Државна сопственост ○ Здружение на граѓани ○ Трговец-поединец ○ Друго

| ГОЛЕМИНА НА КОМПАНИЈАТА/ПРАВНОТО ЛИЦЕ: ○ микро ○ мало ○ средно ○ големо | Број на вработени (моментна состојба)* |
|---|---|

(Ве молиме прочитајте го дополнителното објаснување наведено подолу за да можете точно да заокружите)

**Дополнително објаснување (големина на друштво/правно лице):**

1. За микротрговец се смета трговец што во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил следниве два критериума:
- просечниот број на вработените, врз основа на часови на работа, да е до десет работници и
- бруто-приход остварен од трговецот од кој било извор да не надминува 50.000 EUR во денарска противвредност

2. Мал трговец е трговец што во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето задоволил најмалку два од можните три критериума:
- просечниот број на вработените, врз основа на часови на работа, да е до 50 работници
- годишниот приход да е помал од 2.000.000 EUR во денарска противвредност, вкупниот обрт да е помал од 2.000.000 EUR во денарска противвредност
- просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства (во актива) да е помала од 2.000.000 EUR во денарска противвредност

3. За среден трговец се смета трговецот што во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето го задоволил првиот критериум и најмалку еден од вториот и од третиот од следниве критериуми:
- просечниот број на вработените, врз основа на часови на работа, да е до 250 работници
- годишниот приход да е помал од 10.000.000 EUR во денарска противвредност или
- просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства (во актива) да е помал од 11.000.000 EUR во денарска противвредност

4. Трговците што не се распределуваат во мали или во средни трговци добиваат статус на големи трговци. Во случај на неможност за класификација на трговците од точките 2 и 3, односно кога сите три критериуми се различни, трговецот се распоредува како среден трговец. Во случај на неможност за распоредување на трговците од точката 1, односно кога двата критериума се различни, трговецот се распределува како мал трговец.

| ДРУГИ ПОДАТОЦИ ЗА КЛИЕНТОТ | Е-адреса за финансиски податоци* | Веб-страница* |
|---|---|---|

КАПИТАЛНО ПОВРЗАНИ ОРГАНИЗАЦИИ/ПРАВНИ ЛИЦА СО УЧЕСТВО ЕДНАКВО И ПОГОЛЕМО ОД 20 % ОД КАПИТАЛОТ

СОПСТВЕНИЦИ НА УДЕЛ, ФИЗИЧКИ ЛИЦА СО УЧЕСТВО ЕДНАКВО И ПОГОЛЕМО ОД 20 % ОД КАПИТАЛОТ

Име и презиме ______ Адреса ______

ЕМБГ ______ Бр. на лк/пасош ______ Издаден од ______

ПРОИЗВОДИ/УСЛУГИ ШТО ЌЕ СЕ КОРИСТАТ ОД БАНКАТА*
○ денарска сметка ○ девизна сметка ○ платежна картичка ○ кредит ○ акредитив ○ гаранција ○ сеф ○ други причини за воспоставување деловен однос

ОЧЕКУВАН ГОДИШЕН ПРОМЕТ НА СМЕТКА ВО БАНКАТА (ИЗРАЗЕНО ВО ЕУР)
○ до 2.000.000 EUR ○ од 2.000.001 до 4.000.000 EUR ○ повеќе од 4.000.001 EUR

ОЧЕКУВАНИ ДЕЛОВНИ ОДНОСИ СО КЛИЕНТИ ОД СЛЕДНИВЕ ЗЕМЈИ
○ Република Северна Македонија ○ САД ○ Канада ○ ЕУ ○ Австралија/Нов Зеланд ○ Јапонија ○ Русија ○ Пакистан ○ Узбекистан ○ Туркменистан ○ Азербејџан ○ Молдавија
○ ДНР Кореја ○ Бахами ○ африкански држави ○ Гибралтар ○ Кајмански Острови ○ Иран ○ Британски Девствени Острови ○ Панама ○ Кина ○ Кипар ○ Бурма/Сао Томе и Принципе
○ друго

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Управител(Име и Презиме) | | | | Адреса | |
| ЕМБГ | | Бр. на лк/пасош | | Издаден од | |
| Управител(Име и Презиме) | | | | Адреса | |
| ЕМБГ | | Бр. на лк/пасош | | Издаден од | |
| Управител(Име и Презиме) | | | | Адреса | |
| ЕМБГ | | Бр. на лк/пасош | | Издаден од | |

Овластено лице за отворање/работење со сметка/ки

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Управител(Име и Презиме) | | | | Адреса | |
| ЕМБГ | | Бр. на лк/пасош | | Издаден од | |
| Управител(Име и Презиме) | | | | Адреса | |
| ЕМБГ | | Бр. на лк/пасош | | Издаден од | |
| Управител(Име и Презиме) | | | | Адреса | |
| ЕМБГ | | Бр. на лк/пасош | | Издаден од | |

## ИЗЈАВА ЗА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИК

Јас (име и презиме) ______ со ЕМБГ ______ и живеалиште на ______

овластено лице за отворање/ажурирање на сметката на долунаведеното друштво, во функција на ______ на друштвото:

Полн назив ______ седиште ______ ЕМБС (Единствен матичен број на субјектот) ______

Заради воспоставување деловен однос на тоа со Банката, изјавувам дека вистински сопственик/ци (* Ве молиме погледнете го објаснувањето наведено подолу) е/се:

**Физичките лица:**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име и презиме | ЕМБГ | Број на пасош/л.к. | Адреса | Носител за јавна функција (PEP)** ◯да ◯не |
| Име и презиме | ЕМБГ | Број на пасош/л.к. | Адреса | Носител за јавна функција (PEP)** ◯да ◯не |
| Име и презиме | ЕМБГ | Број на пасош/л.к. | Адреса | Носител за јавна функција (PEP)** ◯да ◯не |
| Име и презиме | ЕМБГ | Број на пасош/л.к. | Адреса | Носител за јавна функција (PEP)** ◯да ◯не |

*** (1) „Вистински сопственик“ на правно лице е:**

1. Физичко лице (лица) кое крајно го поседува или го контролира правното лице преку директна и/или индиректна сопственост на доволен процент од уделите, односно акции или права на глас како и преку друг сопственички интерес во тоа правно лице, вклучително и преку акции на доносители или друг облик на контрола.
2. Физичко лице (лица) кое има висока управувачка позиција во правното лице, односно кое со закон и интерните акти е овластено да управува и е одговорно за работењето на правното лице.

(2) Индикатор на директна сопственост е сопственоста на 25 % од уделите, правата на глас или други права во правното лице или сопственоста на 25 % плус една акција.

(3) Индикатор на индиректна сопственост е сопственоста или контролата на физичкото лице (лица) над едно или повеќе правни лица што поединечно или заедно имаат 25 % од уделите или 25 % плус една акција.

(4) Ако со примена на точката 1 од став (1) погоре не може да се утврди физичко лице/а за вистински сопственик/ци или ако Банката не е сигурна дали физичкото лице/а идентификувано/и согласно точката 1 од став (1) погоре е/се вистински сопственик/ци, во тие случаи за вистински сопственик/ци е/се смета лицето/та идентификувано/ни со примена на точката 2 од став (1) погоре.

**Вистински сопственик на други правни лица**

А) Вистински сопственик на домашни и на странски здруженија и на нивни сојузи, установи, комори, синдикати, политички партии, задруги, верски заедници или други организации во кои учество во управувањето врз основа на сопственички удел во капиталот не е можно да се утврди, се смета секое физичко лице што е овластено да ги застапува или физичкото лице што има контролна позиција во управувањето на имотот на организацијата.

Б) Вистински сопственик на фондација, труст или друг правен аранжман е секое физичко лице што е:
1. основач;
2. доверения;
3. управител/и (доколку има);
4. корисник или група корисници на имотот што се управува под услов тие корисници да се утврдени или да можат да се утврдат;
5. физички лица што извршуваат функции исти или слични на тие од точките 1, 2, 3, и 4 од точка 6; и/или
6. друго физичко лице што преку директна или индиректна сопственост или на друг начин врши контрола над фондацијата/трустот/правниот аранжман.

В) Вистински сопственик на трговец поединец или на самостојни вршители на дејност е физичкото лице регистрирано за вршење на дејноста и во исто време е единствен овластен претставник.

Г) Вистински сопственик на буџетски корисник е раководителот на буџетскиот корисник.

Д) Вистински сопственик на правно лице во државна сопственост е лицето што го управува или го раководи органот на управување на правното лице во државна сопственост.

Ѓ) Вистински сопственик на правно лице што е во постапка на стечај или ликвидација е стечајниот управник, односно ликвидаторот до завршувањето на постапката на стечај, односно ликвидација.

**Исклучоци во однос на идентификацијата на вистинскиот сопственик**

Банката не мора да го идентификува и да го потврди идентитетот на вистинскиот сопственик доколку клиентот е правно лице, чиишто хартии од вредност котираат на домашна или странска берза на хартии од вредност од држави што ги исполнуваат меѓународните стандарди за спречување перење пари и финансирање тероризам или податоците за вистинските сопственици се транспарентни и јавно достапни. Меѓународните стандарди за спречување перење пари и финансирање тероризам или податоците за вистинскиот сопственик се транспарентни и јавно достапни.

***** Дефиниција за носители на јавна функција и/или лица поврзани со нив согласно важечката законска регулатива во Република Северна Македонија***

„*Носители на јавни функции*“ се физички лица на кои им е или им била доверена јавна функција во Република Северна Македонија или во друга држава, како:
а) претседатели на држави и влади, министри и заменици или помошници министри;
б) избрани претставници на законодавната власт;
в) судии на врховни или уставни судови или други носители на високи правосудни функции против чијашто одлука, освен во исклучителни случаи, не може да се користат правни лекови;
г) членови на органи на управување на супервизорски и регулативни тела и агенции, државна ревизорска институција и членови на одбор на централна банка;
д) амбасадори;
ѓ) службеници од висок ранг во вооружените сили (чинови повисоки од полковник);
е) избрани и именувани лица согласно закон и членовите на органите на управување и надзор на правни лица основани од државата;
ж) лица со функции во политички партии (членови на извршните органи на политичките партии);
з) лица на кои им е или им била доверена истакната функција во меѓународна организација, како: директори, заменици директори, членови на управни и надзорни одбори или други еквивалентни функции; и
ѕ) градоначалници и претседатели на совети на општини.
За носители на јавна функција од точка а) до ѕ) се сметаат лицата најмалку две години по престанокот на извршување на јавната функција, а врз основа на претходно спроведена процена на ризик од страна на субјектите.

Поимот „носители на јавни функции“ вклучува и:

1) Членови на семејството на носителот на јавната функција и тоа:
- брачен другар или лице со кое носителот на јавната функција е во вонбрачна заедница,
- деца и нивни брачни другари или лица со кои децата на носителот на јавната функција се во вонбрачна заедница или
- родители на носителот на јавната функција.

2) Лице што се смета за близок соработник на носителот на јавната функција е физичко лице:
- за кое е познато дека има заедничка правна или вистинска сопственост врз правно лице, има склучено договори или воспоставено други блиски деловни врски со носителот на јавната функција или
- кое е единствен вистински сопственик на правното лице или правен аранжман за кое е познато дека е основано во корист на носителот на јавната функција.

**Забелешка:**

1. Во случај на промена на сопственичко-управувачката структура на друштвото, тоа се обврзува дека навреме ќе ја извести Банката за промените во делот на вистинскиот сопственик и ќе ѝ достави на Банката нова изјава со ажурирани податоци, во рок од 15 дена по настанувањето на промената;
2. Според моите/нашите сознанија, лицата што се горенаведени не се вклучени во незаконски дејства од кој било вид;
3. Податоците во оваа изјава ги давам под целосна материјална и кривична одговорност и со потписот долу потврдувам дека се точни и целосни;
4. Апликацијата се смета за целосно пополнета доколку во неа се содржани сите задолжителни податоци, вклучително, Изјавата за вистински сопственик и Изјавата за носител на јавна функција за што проверка врши надлежен работник во Банката што го воспоставува/ажурира деловниот однос со клиентот.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ИНФОРМАЦИИ И ПРИСТАП ДО ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Субјект на лични податоци согласно Законот за заштита на личните податоци е идентификувано физичко лице или физичко лице што може да се идентификува.
Во смисла на оваа апликација, субјект/и на лични податоци е/се управителот/те на правното лице, вистинскиот сопственик/ци на правното лице, овластеното лице/а за отворање/работење со сметка/и на правното лице, како и сопствениците на удел, односно физичките лица со учество еднакво и поголемо од 20 % од капиталот на друштвото.
Имајќи го предвид наведеното во прилог се дадени информации за субјектите на лични податоци:

**1. Податоци за име и контакт на Контролорот на лични податоци, Стопанска банка АД - Скопје**

- Адреса: Филип Втори Македонски бр. 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
- Електронска пошта: kontaktcentar@stb.com.mk
- Телефонски број: (02)/3100 – 109
- www.stb.com.mk

**2. Обработка на личните податоци од страна на СБ**

Банката врши обработка на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци, во доволна мера потребна за исполнување на целите за кои се собрани податоците и на транспарентен начин кон субјектите на личните податоци. Банката примарно собира, обработува и ги користи личните податоци со цел да обезбеди што подобри финансиски услуги за клиентите, да ги приспособи деловните процеси на потребите на клиентите и да биде согласно законските обврски.

Конкретно, Банката врши собирање на личните податоци наведени во оваа апликација и во Изјавата за вистински сопственик, како и во Изјавата за носител на јавна функција во прилог на апликацијата, врз основа на законски обврски што произлегуваат за Банката од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам и врз основа на оцената на Банката за одреден личен податок како нужен при исполнување на нејзините законски или договорни обврски. Секое лице што има намера да воспостави деловен однос со Банката како и поради законската обврска за Банката за ажурирање на податоците на клиентите, потребно е да ги пополни задолжителните полиња од оваа апликација, Изјавата за вистински сопственик и Изјавата за носител на јавна функција во прилог на апликацијата.

Во случај кога Банката користи лични податоци на субјект со цел информирање на субјектите на личните податоци во врска со новите производи и/или услуги на Банката или други слични промотивни активности, се бара конкретна согласност од субјектот на личните податоци, која може да ја повлече во секое време, без надомест, преку неколку канали: директно во филијалите, преку контакт-центарот или преку повлекување на согласноста на платформата за е-банкарство.

**3. Откривање на личните податоци**

Банката може да ги открие личните податоци на субјектот на личните податоци само доколку е обврзана согласно Закон, одлука на надлежен орган или на трети лица, односно на следнава категорија корисници на лични податоци: државни органи или правни лица основани од државата за вршење јавни овластувања, агенција или други тела како и на трети лица (физички или правни лица), кои дејствуваат по наредба или во име на Банката.

Банката соработува со трети лица, кои можат да спроведат соодветни технички и организациски мерки согласно регулативата и со стандардите на Банката, притоа овозможувајќи заштита на личните податоци на субјектите на личните податоци.

Банката, по потреба, може да изврши пренесување на личните податоци на субјектот на личните податоци во други држави што се членки на ЕУ , НАТО или на ЕЕА или во други држави што не се членки на ЕУ, НАТО или на ЕЕА, по претходно одобрение/известување за пренос на личните податоци од Агенцијата за заштита на личните податоци.

**4. Чување на личните податоци**

Банката ги чува личните податоци не подолго од тоа што е потребно за целите поради кои се обработуваат, односно сè додека има договорна обврска со клиентот, Банката има потреба да ги заштити сопствените права пред судските или другите органи и додека постои законска обврска да ги чува податоците.

Зависност од типот на документот/податокот, времетраењето на чувањето на личните податоци е уредено со интерен акт на Банката, а согласно важечките закони.

По изминувањето на овој период, во интерно утврдена постапка Банката ги уништува податоците и документите, вклучително и податоците што се обработуваат од трети страни во име и за сметка на Банката (на пр. агенции за наплата на побарувања, адвокатски канцеларии итн.).

**5. Права на субјектот на лични податоци**

Субјектот на личните податоци може да побара од Банката:

- издавање потврда дали се обработуваат неговите лични податоци или лични податоци за него, при што Банката ќе му ги овозможи информациите согласно Законот за заштита на личните податоци;
- исправка на неговите неточни лични податоци и да ги дополни неговите нецелосни лични податоци со давање дополнителна изјава;
- бришење на неговите лични податоци; доколку се исполнети условите согласно Законот за заштита на личните податоци односно доколку не е обработката неопходна за усогласување со законска обврска, која бара обработка според закон што се применува во однос на СБ;
- ограничување на обработката на неговите лични податоци, доколку е исполнет условот согласно Законот за заштита на личните податоци;
- да поднесе приговор до Банката во секое време, врз основа на конкретна ситуација поврзана со него, против обработката на неговите лични податоци, врз основа на членот 10, став (1), алинеи 5 или 6 од Законот за заштита на личните податоци вклучувајќи и профилирање засновано на овие одредби. Доколку личните податоци се обработуваат за цели на директен маркетинг, субјектот на личните податоци има право во секое време да поднесе приговор на обработката на неговите лични податоци поврзани со овој вид маркетинг, кој вклучува и профилирање до тој степен до кој е поврзано со директниот маркетинг;
- да ги добие неговите лични податоци, а кои тој ѝ ги има дадено на Банката во структуриран, вообичаено користен, машински читлив формат при што има право да ги пренесе тие податоци на друг контролор, без попречување од страна на Банката, доколку се исполнети условите согласно Законот за заштита на лични податоци.

Субјектот на личните податоци има право да поднесе барање до Агенцијата за заштита на личните податоци, доколку смета дека обработката на неговите лични податоци, ги прекршува одредбите од Законот за заштита на личните податоци, притоа не доведувајќи ги во прашање кои било други управни или судски средства за правна заштита.

*За подетални информации за обработка на личните податоци, контактирајте го Офицерот за заштита на личните податоци на privacy@stb.com.mk, прочитајте ја Политиката за приватност на Стопанска банка АД – Скопје објавена на веб-страницата на Банката www.stb.com.mk или во хартиена форма во сите филијали на Банката.

## ПОТВРДА ОД КЛИЕНТОТ

Со потпишување на оваа апликација потврдувам/е дека:

- Наведените податоци се точни;
- За секоја промена на статусните податоци се обврзувам/е дека во рок од 3 дена ќе ја известам/име Банката. Во спротивно, секоја достава од страна на Банката до клиентот се смета дека е уредно извршена на адресата наведена во оваа апликација;
- Запознаен/и сум/сме дека податоците наведени во оваа пријава ќе бидат регистрирани, обработувани, трансферирани во други држави и ажурирани за легитимните потреби на Банката и во случаите определени согласно важечката законска регулатива и доколку е потребно Банката може да изврши пренос на моите/нашите лични податоци во други држави што се членки на ЕУ, НАТО или ЕЕА или други држави што не се членки на ЕУ, НАТО или ЕЕА, по претходно известување/одобрение за пренос на личните податоци од Агенцијата за заштита на личните податоци;
- Запознаен/и сум/сме дека податоците наведени погоре претставуваат деловна тајна согласно Законот за банки и со другата важечка законска регулатива;
- Запознаен/и сум/сме дека Банката го задржува правото да побара и други податоци за клиентот за цели на воспоставениот деловен однос;
- Запознаен/и сум/сме дека Банката го задржува правото да го одбие воспоставувањето на деловниот однос;
- Запознаен/и сум/сме дека Банката го задржува правото да го прекине деловниот однос со клиентот во секое време;
- Запознаен/и сум/сме со условите за воспоставување деловен однос со Банката и ги прифаќам/е во целост;
- Запознаен/и сум/сме дека СБ не одговора за тајноста на податоците што не стигнале до корисникот (или стигнале до трето лице) доколку корисникот не ја информира СБ веднаш за промена и / или откажување на е-адресата за финансиски податоци или евентуални злоупотреби на наведената е-адреса од страна на трети лица;
- Запознаен/и сум/сме со условите и начинот на работа на сервисот за е-пошта.

*** податоци што не се задолжителни**

Поднесувач на апликацијата

| Место и датум | Печат | Потпис на овластено лице |
|---|---|---|
| | | |

## ПОПОЛНУВА БАНКАТА

| Примил и ја проверил комплетноста на апликацијата: | Потпис на овластено лице на Банката: | Работно место: |
|---|---|---|
| | | |
| Датум: | Филијала: | |
| | | |

**БАНКАТА ГО ЗАДРЖУВА ПРАВОТО ДА ГО ОДБИЕ БАРАЊЕТО БЕЗ ДОПОЛНИТЕЛНО ОБЈАСНУВАЊЕ**

Проверката ја врши надлежен работник во Банката кој го воспоставува/ажурира деловниот однос со клиентот.